Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Сектор за правосудство**
**Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи**

**П Р Е Д Л О Г**

# Полугодишен извештај за работа на Совет за координирање на информатичко - комуникациска технологија во правосудните органи за јануари/јуни 2023 година

## *ВОВЕД*

Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи како оперативно стручно тело составено од претставници на правосудните органи и во вториот извештаен период работеше восостав и тоа:

1. **д-р Лазар Нанев**, Претседател на Основниот суд Кавадарци, Претседател на Советот за ИКТ
2. **д-р Гордана Лажетиќ**, редовен професор на правниот факултет "Јустинијан Први"- Скопје, Заменик претседател на Советот за ИКТ
3. **Александра Вуковиќ**, шеф на Кабинет, Министерство за правда, член на Советот за ИКТ
4. **Михајло Војтикив**, информатичар, Министерство за правда, член на Советот за ИКТ
5. **Весна Бојаџиевска**, Раководител на служба за информатика, Врховен суд на Република Северна Македонија, член на Советот за ИКТ
6. **Лорета Горгиева**, Судски совет на Република Северна Македонија, член на Советот за ИКТ.
7. **Миљазим Мустафа**, Судски совет на Република Северна Македонија, член на Советот за ИКТ
8. **м-р Фатиме Фетаи**, јавен обвинител од Вишото јавно обвинителство Скопје, член на Советот за ИКТ
9. **Трајче Пеливанов**, јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, член на Советот за ИКТ
10. **Ирена Димовска**, советник, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија и член на Советот за ИКТ

11. **Катерина Мишковска**, помлад соработник за ИТ служба, Совет на Јавните обвинители на Република Северна Македонија, член на советот за ИКТ

Секретар на советот е Ирена Шекуткоска Јанакиевска, соработник во Министерството за правда.

Согласно член 23 од Деловникот за работа на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи, Советот за ИКТ за својата работа поднесува полугодишен извештај до Министерството за правда. Во извештајот се содржани податоци за- бројот на одржани седница,- донесени одлуки,- реализирани активности и др. податоци од својот делокруг на работа.

## *1.1. Број на одржани седници*

Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи за време на полугодишниот извештај одржа шест седници и тоа:

- деветнаесетата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 30.01.2023 година,
- дваесетата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 28.02.2022 година,
- дваесет и правата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржана 30.03.2023 година,
- дваесет и втората седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 28.04..2023 година,
- дваесет и третата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 15.05.2023 година.
- дваесет и четвртата седница на Советот за координирање на информатичко - комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 21.06.2023 година.

### *1.1.1.Донесени заклучоци*

А.На деветнаесеттата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 30.01.2023 година, се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информасции и извештаи:

1. **Разгледана е информацијата за текот на состојбата и преземените активности со системот за управување и движење на предметите во ЈО.** Членот на советот на ИКТ Ирена Димовска истакна дека изминатите два месеци

ЈОРСМ интензивно се посвети на активности поврзани со заклучоците од последната седница на Советот за ИКТ. Потенцираше дека состојбата во обвинителствата во однос на користењето **на case management системот** е далеку подобра по одржувањето на последната проширена седница на Советот за ИКТ на која присуствуваа и голем дел од јавните обвинители и претставници од Советот на јавните обвинители. Понатаму наведе дека од 01.01.2023 сите обвинителства започнаа со користење на **case management системот** и редовно се испраќа извештај до Министерството за правда и тоа поединечно по обвинителства колку предмети се сработени, како и податоци за движењето на сите предмети во обвинителствата. Истакна дека, последниот извештај беше доставен за периодот од 01-15.01.2023 година и тековно беа покриени речиси сите обвинителства, освен едно обвинителство кое се соочи со мал застој во работата. Добиена е информација од ОЈО ГОКК дека по преселба на обвинителството во нова зграда до средина на оваа година и тие активно ќе започнат со користење на системот. Наведе дека, сѐ поголем е бројот на пропратните служби кои го користат, една третина од административниот персонал е вклучен и се заложува за работењето на case management системот. Во наредниот период потребно е да се набават повеќе скенери и копјутери за работа. Од месец јануари донесени се и функционираат посебни процедури за лицата кои ќе работат на системот во однос на доделување на улоги и креирање на привилегии за пристап во системот, со цел да се знае точно кој и што е работи. Претседателот Нанев го изрази своето задоволство од напредокот кој е постигнат и наведе дека Советот за ИКТ максимално ќе се заложи да биде обезбедена техничката поддршка во смисла на набавка на потребните компјутери и скенери за непречено да продолжи функционирањето на case management системот. Трајче Пеливанов во контекст на веќе кажаното додаде дека во ОЈОГОКК системот не се користел поради нефункционирањето на мрежата, забрзано се работи на доопремување на новите простории во Државниот Архив и по преселбата, веднаш ќе започне употребата на системот. Фатиме Фетаи за состојбата во Вишото јавно обвинителство истакна дека не постојат никакви пречки за употреба на системот и се функционира во најдобар можен ред и ја потенцираше потребата од хоризонтално и вертикално поврзување на сите обвинителства. Ана Новакова Жикова претставникот на ОБСЕ, исто така го изрази своето задоволство што за краток период обвинителствата успешно започнаа со употреба на системот.

**Заклучок:** Прифатена е информацијата на Ирена Димовска и дадени се насоки обвинителствата да ја продолжат работата и примената на системот со истиот интензитет.

2. **Разгледана е информацијата за активностите со издавање на Електронски уверенија од кривичната евиденција.**
   Од страна на членот на ИКТ, Михајло Војтикив советот за ИКТ е информаиран дека добиена е информација од претседателот на Основниот кривичен суд Скопје дека потребно е да се обрати со допис до Врховниот суд со цел да добие дозвола за користење на сервисот кој ги собира податоците, а инсталиран е и работи во Врховниот суд на РСМ. Весна Бојаџиевска појасни дека АКМИС базите со податоци за кривичната евиденција се наоѓаат во секој суд поединечно. Потребните податоци од истите се собираатпреку сервис кој е поставен во Врховниот суд и се предаваат на комуникацискиот клиент кој е во сопственост на Основниот кривичен суд, такашто нејасно е каква дозвола се бара од Врховниот суд.

**Заклучок:** Најдоцна до 03.02.2023 годиначленовите на советот Михајло Војтикив и Весна Бојаџиевска да закажат и остварат средба со претседателот на Основниот кривичен суд, со цел да бидат разјаснети сите недоразбирања и конечно да биде ставена во функција и услугата за вадење уверенија од кривичната евиденција.

3. **Разгледување на информација за заклучокот од СБС за обезбедување на финансиски средства.** Претседателот Нанев на предлог и барање на претседателот на СБС учествуваше на последната седница на СБС со цел разгледување на барањата на Советот за ИКТ доставени до СБС кои се одесуваа за надградба конфигурација и инасталација на Фемида системот во судовите, при што беа изнесени ставовите и мислењата за надградба на системот, на средбата биле разгледани и други прашања кои се однесуваат на дигитализација и обезбедување на финансиски средства за судовите за 2023 година, како и за обезбедувањето на средства за енетриерно уредување и адаптација на судниците. Во заклучокот на СБС доставен до членовите во електронска форма, Советот за ИКТ е задолжен да го допрецизира барањето со податоци за Управниот суд, Вишиот управен суд и Основниот суд Кратово, да се прецизира се што во дискусијата се јавило како дилема во врска со лиценците, за секоја лиценца да се предвиди компјутер, да се размисли кој ќе ја изготви техничката спецификација, барањето за средства за адаптација на 100 судници во врска со процесот на дигитализација, како и појаснување на барањето за повеќе софтверски апликации и за се тоа да биде доставен писмен одговор најдоцна до 8 дена од добивањето на барањето. Барањето е доставено до Советот за ИКТ со цел да може СБС по добивањето на потребните информации, иститеда ги разгледа и вклучи во годишната програма за капитални расходи за 2023 година. Претседателот Нанев во однос на вториот дел на заклучокот од СБС, кој се однесува на барањето на средства за адаптација на 100 судници како дел од процесот за дигитализација, наведе дека во доставеното барање наведен е одреден износ за ентериерно уредување, за што беше побарано допрецизирање, и напомена дека потребно е да се ангажира архитект кој треба да изработи техничка спецификација за истото, при што стапено е во контакт со архитектот кој е ангажиран во Апелациониот суд во Скопје од кој е добиена информација дека во зависност од големината и перформансите дали ќе се работи само за ентериерно уредување или и дополнителни градежни активности дадена е проценка за финансиски средства во рамките од 350 до 400 евра по кавадрат што е соодветно на веќе дадената проценка од 15.000 до 18.000 евра по судница. Побарано е архитектот да достави техничка спецификација и проценка во 3Д апликација за да може истата да биде доставена до членовите на СБС.По однос на барањето за користење на платформата Dejure, одговорот на СБС е дека нема нема надлежност да донесе одлука за потребата на судовите за пристап до платформата ниту да им наложи да направат порачка за пристап до истата и доколку судовите сметаат дека имаат потреба од истата и поседуваат доволно финансиски средства секој суд поединечно да донесе одлука за приклучување кон платформата.

Членот на советот на ИКТ, Весна Бојаџиевска во однос на делот од барањето кое се однесува за набавка на средства за амортизирана опрема (компјутери, печатари, камери и сл.) во износ од 30.000 евра, наведе дека и во самата ИКТ стратегија има одредба според која се предвидува секоја година да се врши замена на 20% од старата и амортизирана ИКТ опрема што би овозможило на секои 5 години континуирана промена на ИКТ опремата.При тоа потенцираше дека во сите судови има околу 450 компјутери со XP оперативен систем кој одамна не е поддржан од производителот и дополнително со префрлањето на новата опрема се предизвика проблем.За да може една XP машина да се придружи на новиот

домеин се појави потреба да се пушти протокол кој е многу небезбеден и поради тоа беше донесена одлука тој да не се пушта.Од овие причини во сите судови каде што има XP машини мора да останат уклучении старите сервери паралелно со новите, сè до целосно заменување на сите XP машините. Одржувањето на старите сервери е обезбедено до средината на оваа година, па доколку во иднина откаже стариот серверво суд кој има XP машини, АКМИС системот во судот нема да може да функционира поради што приоритет треба да биде промена на сите XP машини во судовите.

**Заклучок:** Се задолжува членот на советот на ИКТ, Весна Бојаџиевска во писмена форма да се обрати до сите судови најдоцна до петок да дадат точната бројка на XP машини по судови и да биде направена проверка дали е функционална опремата за тонско снимање како и да биде дадена информација по суд колку вкупно судници се опремени за тонско снимање и во каква состојба се, со цел да може да се образложи целокупната ситуација и потребата за промена на сите XP машини во информација до СБС.

4. Членот на советот на ИКТ, Лорета Горгиева го кизвести советот дека се доставени три договори за соработка и размена на податоци во електронска форма (АВРМ, ПИОМ, ФЗО) истите се разгледани од претседателот и може да бидат предадени на потпишување до Министерот за правда. Секретарот на Советот извести дека во тек е потпишување на договорот со ДКСК. Ирена Димовска извести дека се одржа состанок со МИОА на кој договорено е со VPN тунел да се воспостави комуникација со националната платформа, веќе започнато е средувањето на параметрите и конфигурација на тунелот и до наредната недела треба да биде тоа завршено по што ќе следува период на отворање на кориснички профили и одржување на обуки.Ова ќе овозможи да се разменуваат податоци со сите институции кои се приклучени на националната платформа.

В. На дваесетата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 28.02.2023 година, советот за ИКТ се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информасции и извештаи:

1. **Разгледување информација за заклучокот од Судскиот буџетски совет за обезбедување на финансиски средства.** Од страна на Советот за ИКТ до Судскиот буџетски совет беше доставен заклучок со барање финансиските средства во износ од 16.800.000,00 денари,одобрени од Владата на РСМ за процесот на дигитализацијада бидат употребени за обезбедување на Femidaлиценци за судовите, за обезбедување на хардверска опрема за судниците, изработка на e-delivery платформата, мобилната апликација, креирање на веб сервиси, како и за сите активности кои се поврзани со креирање на веб сервисите согласно барањето од Владата на РСМ а се во врска со прибирање на статистички податоци, како и за имплементација на барањата произлезени од Истанбулската конвенција. Доставеното барање до Судскиот буџетски совет беше дополнително прецизирано, а во текот на минатиот месец по однос на ова барање одржани се и повеќе состаноци со Судскиот буџетски совет на кои присуствуваапретставници на Советот за ИКТ, Весна Бојаџиевска од Врховниот суд, информатичар од Апелациониот суд и претставници од компанијата Едусофт.
   По однос на 80 аудио лиценци кои треба да се набават, Судскиот буџетски совет заседе став дека треба да се набават нови лиценци, додека за петте судници

опремени од страна на ОБСЕ потребно е да се набави Фемида за аудио-визуелно снимање.

По однос на набавката на Фемида системот за аудио-визуелно снимање (Femida True Records), Весна Бојаџиевска наведе дека на ново набавените сервери наменети првенствено за непречено функционирање на АКМИС системот не би требало да се инсталира Femida True Records системот од причина што капацитетите на истите не се димензионирани за таа намена, а по направената консултација со производителот дадени се насоки да не се користи виртуелна машина за инсталација на истиот. Дополнително во доставената техничка документација од производителот наведени се техничките карактеристики на потребниот хардвер и софтвер, такашто од наведеното произлегува дека за петте суда опремени со судници за аудио-визуелно снимање потребно е да се набават хардверски PC-сервери со лиценци за серверски оперативен систем и лиценци за софтверот Femida True Records, додека за базата на податоци MS SQL Express не е потребно набавка на лиценци.

2. **Разгледување на информација за текот на активностите со ОТА во врска со дигитализација на процесот со ПИМ - мерките.** Претседателот Нанев информираше дека процесот кој е во тек, а се однесува на на дигитализација на ПИМ мерките е процес во кој целосната опрема ја набавува ОТА, а судовите и јавните обвинителства обезбедуваат простор. Од седумте судови и седумте јавни обвинителства кои се одредени за овој процес како приоритетни (Штип, Куманово, Тетово, Гостивар, Охрид, Битола и Гевгелија) во поголемиот дел од нив направен е увид, останува уште да бидат посетени институциите во Охрид, Гевгелија, Битола и Прилеп во текот на наредната недела со што ќе биде заокружен почетниот дел од овој процес. Спроведени се разговори со претседателите на судовите, информатичарите и јавните обвинители кои се целосно информирани за процесот и сите понатамошни дејствија кои треба да се преземат за целосна дигитализација на ПИМ мерките.

3. **Разгледуваае на информација за активностите со издавање на електронски уверенија од кривичната евиденција.** Членовите на советот на ИКТ Михајло Војтикив и Весна Бојаџиевска, известија дека согласно заклучокот од минатата седница одржан е состанок со претседателот на Основниот кривичен суд Скопје, кој сепак инсистира да испрати барање до Врховниот суд за добивање согласност за користење на базата на податоциповикувајќи се на членот 10 од Законот за управувањето со движење на предмети. Во овој дел Весна Бојаџиевска појасни дека Врховниот суд на РСМ не располага со таква база на податоци, аво кенкретниот случај податоците за кривичната евиденција се водат во локалните АКМИС бази на секој суд поединечно,наведе дека допис до Врховниот суд е пристигнат и изготвен е извештај по однос на истиот. Претседателот на Врховниот суд на РСМ е детално запознаен со процесите, дека услугата за вадење уверенија од казнената евиденција веќе е пуштена во функција и за тоа е дадена согласност пред јавно да се објави,соодветно на тоа пред да биде пуштена во функција услугата за вадење уверенија од кривичната евиденција Врховниот суд би требалоповторно да даде согласност.

   Понатаму,појасни дека треба да му се укаже на претседателот на Основниот кривичен суд дека во оваа фаза не е потребно давање на никаква согласност, односносервисот е изработен и со цел да започне фазата на тестирање потребна е конфигурација на клиентскиот сервер кој е во надлежност на Основниот кривичен суд. Кога ќе завршиуспешнофазата на тестирање, за да истиот се пушти во употреба односно јавно да се објави, компанијата ЕДУСОФТ ќе бара согласност од Претседателот на Врховниот суд на РСМ.

Катерина Мишковска извести дека од задолжените институции за потпишување на Договор за соработка и размена на податоци во електронска форма, преостаната е УЈП и објасни дека комуникацијата по електронска пошта и телефон не е ефективна затоа што се ригидна институција. Предложи да се договори состанок со раководителот на ИКТ секторот во УЈП, при што Претседателот на Советот се согласи да се организира истиот.

**Заклучок:** Претседателот Нанев, заменик претседателката Лажетиќ заедно со Весна Бојаџиевска да одржат координативен состанок наредната недела со претседателте на Врховниот суд на РСМ и Основниот кривичен суд Скопје со цел да се надминат сите пречки и недоразбирања во врска со процесот на активностите за дигитализација на улсугите и конечно и оваа услуга да биде пуштена во употреба.

4. **Дефинирање на предлог активности со УНОПС / судство, обвинителство, правобранителство /.**
Преку Министерството за правда до Советот за ИКТ доставен е допис со кој се известуваат членовите на ИКТ за можностите преку УНОПС да се обезбеди поддршка за подготовка на проектна документација, управување со проекти и обезбедување финансирање од донатори за имплементација на постоечки или подготовка на нови проекти/прописи/програми/стратегии. Според приложената краткаи нформација (Proposal for Support to the MoJ of MK), главни области/услуги за кои УНОПС може да понуди поддршка се (листата е отворена):
Планирање, дизајнирање, изградба и реновирање на нова /постојна инфраструктура - објекти;
Технички насоки за имплементација на архитектонски и инфраструктурни проекти;
Набавка на критична опрема за јакнење на ефективноста на институциите одобласта Правда - ИКТ хардвер, центри за податоци (data centers), наменскии /или стандардизиран за широка употреба (off-the-shelf) софтвер, итн.).
За известување за потребите потребно е да се подготви документ на англиски јазик кој содржи:

- за потребна опрема: листа на потребна опрема – со податоци за тип, квантитет и други општи податоци (детални технички спецификации не се потребни во оваа фаза);
- за потребен софтвер: листа на потребен софтвер – со краток опис на функционалности, цели - намена и очекувани резултати и број на лиценци од носно корисници;
- за потребна изградба или реновирање на објекти или структури: опис, статус, предмер пресметка доколку постои, проценети трошоци.

**Заклучок:** Во рок од една недела да биде изготвена комплетна листа со потреби за судовите и јавните обвинителства.

5. **Известување за одржана работна средба со Амбасада на САД за активностите со опремување на судниците.** Претседателот Нанев информираше дека минатата недела во Амбасадата на САД се одржа средба во врска со опремувањето на судниците и дигитализацијата, а за кои беше изготвена техничка спецификација за сите 186 судници, за што се потрошени 75.000 долари,

при што утврдено е сите судови комплетно да бидат опремени, но за да се направи тоа побарано е да се покаже степенот на искористеност на досегашната опрема која е дадена за Основниот кривичен суд Скопје и за Основниот суд Тетово. Побарано е да се изготви табела со податоци во која во перодот од еден месец ќе бидат внесувани податоци за бројот на предметот, судијата кој го води, дали е достапна опрема и дали предметот се снима. Ваквата евиденција треба да и биде доставена на Американската амбасада како доказ дека опремата се користи.

**Заклучок:**Образецот кој веќе е изготвен официјално да биде доставен до претседателите на наведените судови.

6. **Разгледување на информација – TAIEX, конференцијаза ИКТ.** Претседателот Нанев извести дека и оваа година ќе се одржи конфренција. Подготовките треба да започнат што поскоро и до наредната седница веќе да биде утврден термин на одржување и листата на гости. Сподели со членовите информација и побара согласност да биде пополнета апликација до TAIEXсо цел искористување на можностите кои ги нуди, а тоа е да биде овозможена студиска посета на една од земјите во ЕУ во која процесот на дигитализација е на поголемо ниво, како и да се искористи нивната поддршка за покривање на дел од тршоците кои ќе произлезат од овогодинешната конференцијата.
   Катерина Мишковска побара одговор по однос на Дописот до Владата во врска со создавањето на Дигитална агенција за правосудните органи, а Претседателот на Советот извести дека од Министерството за финансии е пристигнат негативен одговор. Предложи да се најде некој правен основ за да се бара подобрување на состојбата за ИТ службите во правосудството, а професорката Лажетиќ се согласи. Истотака побара информација за статусот на средствата за ИПА 3 од Секторот за ЕУ кои се важни за развојот на Јавните обвинителства и Советот на јавните обвинители на РСМ.

   Михајло Војтикив извести дека при вадењето на уверенијата од кривичната евиденција се јавува проблем кај лицата кои живеат во места без уличен систем. Дадена е насока и прифатен е предлогот доколку постои можност преку внесување на матичниот број во полето за уличен систем да може да се процесира барањето.

Г.На дваедет и правата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 30.03.2023 година се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информации и извештаи:

1. **Разгледана е информацијата за активностите со издавање на електронски уверенија од кривичната евиденција.** Претседателот Нанев ги извести присутните дека од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонијадо Основниот кривичен суд Скопје доставен е одговор на барањето за давање согласност со кој се дозволува Советот за ИКТ да ги користи базите на податоци на Врховниот суд со што конечно ќе може да биде пуштена во употреба и услугата за вадење на уверенија од кривичната евиденција.

**Заклучок:** Се задолжува задолжува членот на советот на ИКТ Михајло Војтикив да ги преземе сите активности во координација со претседателот на Основниот Кривичен суд Скопје за активирање на услугата за вадење уверенија од кривичната евиденција.

2. **Разгледан е предлогот на активности со УНОПС /судство, обвинителство, правобранителство.** Изминатиот период во координација на сите членови на Советот за ИКТ беше изготвено и доставено известување преку Министерството за правда до УНОПС со потребите на јавните обвинителства и судовите. Претседателот Нанев извести за добиена информација дека во вторник претставници на УНОПС ќе бидат присутни во Министерството за правда, при што наведе дека би било добро да се одржи состанок помеѓу членовите на Советот за ИКТ со претставиците на УНОПС, а на кој ќе бидат споделени сите податоци и информации со цел користење на помошта, за што согласни се сите членови на Советот за ИКТ.

3. **Информација за извадок од Нацрт-записникот од Сто триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 21 март 2023 година.** По однос на оваа точка претседателот Нанев извести дека во текот на изминатата недела одржана е средба со министерот за правда на која целосно е информиран за моменталната состојба и сите процеси за дигитализација на правосудството, потенцираше дека дигитализацијата за министерот за правда е еден од приоритетите, а како резултат на своите заложби во извадокот од Нацрт записникот на 138-та седница на Владата на Република Северна Македонија, Владатаја потврди посветеноста и заложбата за спроведување на проектот за опремување и дигитализација на судовите, со поддршка на амбасадата на САД и го задолжи Министерството за правда, како координатор на процесот заедно со МИОА, МВР, Кабинетот на претседателот на Владата на РСМ задолжен за политики на добро владение и Советот на Јавните обвинители да ја разгледаат состојбата со функционирањето на АКМИС системот и да утврдат соодветно решение (софтвер, со финансиска конструкција и опфат на институции), за интероперабилност и разменана документи и податоци меѓу Министерството за внатрешни работи, судовите и обвинителствата во државата. Во врска со оваа активност претседателот информираше дека министерот Лога има свој концепт за дигитализација, а тоа е моделот на формирање на посебен директорат (институција) по теркот на тоа како е уредено во Косово и истиот во целост да биде имплементиран кај нас. Потенцираше дека во врска со активностите на Норвешката амбасада призлезено е дополнително барање државата да издвои 30% од вкупниот буџет, додека првичната информација беше дека Норвешката амбасада финансиски целосно ќе го покрие проектот. Министерот за правда е информиран за настанатата ситуација при што од негова страна е кажано дека државата ќе обезбеди финансиски средства преку обезбедување на грант, а министерот за правда целосно ја презема обврската за овој процес. Понатаму, претседателот извести дека во текот на наредната недела за време на посетата на министерката на Косово во нашата држава, ќе се одржи средба со Советот за ИКТ, а потоаво текот на наредниот месец ќе биде организирана задничка посета на Косово на Советот за ИКТ заедно со министерот за правда.

   Членот на советот на ИКТ**,** Михајло Војтикив ги извести присутните дека остварена е средба со претседателот на Основниот суд Тетово кој го изразил своето незадоволство од непочитувањето на судиите по однос на задолжението за пополнување на табелата со податоци за користење на Фемида опремата.Дадено

е ветување од негова страна да бидат отстранети сите технички проблеми на опремата кои моментално ги има и во текот на наредниот месец се очекува да излезат со позитивни резултати во однос на користење на опремата. Претседателот Нанев се заблагодари за заложбата на Михајло Војтикив и наведе дека по однос на доставеното барање (за прикажување на користењето на опремата) до Основниот суд Тетово немаме добиено одговор, поради што го донесе следниот:

**Заклучок:** Да се испрати писмен допис до претседателот на Основниот суд Тетово со барање да нè извести со преземените активности и чекори и интензитетот на користење на опремата за месеците февруари и март, со цел заедно со известувањето од Основниот кривичен суд Скопје да бидат доставени како информација до амбасадата на САД.

4. **Разгледување на информација од Основниот кривичен суд Скопје за примена на Фемида системот.** Пред почетокот на седницата секретарот на Советот за ИКТ по електронски пат го сподели со членовите известувањето добиено од Основниот кривичен суд Скопје според кое во однос на барањето на Советот за ИКТ како и обавен телефонскиот разговор во однос на бараната статистика за аудио снимање со опремата ФЕМИДА за месец февруари,веќе е доставено известување до судиите да водат посебна евиденција со број на предмет и број на судница, каде и кога ја користеле ФЕМИДА опремата за период од 45 дена почнувајќи од 01.03.2023 година, која статистика дополнително ќе биде доставена со посебно известување. Во однос на барањето за статистика за користење на ФЕМИДА опремата и аудио – визуелното снимање на расправите за месец февруари,Основниот кривичен суд извести дека:

   Од 10 судници опремени со ФЕМИДА опрема во кои постапуваат 24 судии од одделот кривично полнолетни и одделението за Организиран криминал и корупција, во три судници опремата е вон функија заради технички проблеми. Од останатите судници, во текот на месец февруари, опремата била користена за аудио снимање на 39 главни расправи.

   Воедно, во судница 1 при Основниот кривичен суд Скопје, каде се одржуваат најголем дел од судењата од Организиран криминал и корупција, кои се од јавен интерес, не е инсталирана ФЕМИДА опрема туку истите се снимаат АУДИО – ВИЗУЕЛНО со камерите на судот, а воедно и во помали судници каде е инсталирана ФЕМИДА опремата, а по барање на странките се снима АУДИО – ВИЗУЕЛНО со камерите на судот не се уклучува ФЕМИА опремата со оглед да на странките им се овозможува електронски запис ( ЦД ) од видео снимањето. Па така во текот на месец февруари, покрај 39 Аудио снимени расправи со ФЕМИДА опрема, Аудио – визуелно снимање е извршено на други 34 главни расправи.

   Според дел од судиите во најголем дел од главните расправи во одделот Кривично – полнолетни, самите странки не бараат ниту аудио ниту аудио – визуелно снимање на истите, а забележени се и случаи каде главната расправа била снимена со ФЕМИДА опремата, но странките (особено одбраната) не барала електронски запис, односно ЦД, туку барале само писмен записник. Воедно снимањето на главните расправи со повеќе странки во постапката дополнително ја отежнува работата на судските служби со оглед дапо секоја расправа покрај печатење и достава на писмен записник потребно е пренесување на снимениот материјал во електронска форма на ЦД.

   Членот на советот на ИКТ, проф.д-р Гордана Лажетиќ истакна дека снимањето на рочиштата претставува законска обврска која треба да се почитува.

**Заклучок:** Известувањето добиено од Основниот кривичен суд Скопје заедно со известувањето кое треба да пристигне од Основниот суд Тетово да бидат доставени до амбасадата на САД.

5. **Разгледување на информацијата од Судскиот буџетски совет.**
Доставеното барање до Судскиот буџетски совет за одобрување средства за надградба, инсталација и конфигурација на Femida True records систем во судовите беше разгледано на 197-та седница на Судскиот буџетски совет.
Во врска со ваквото барање од страна на работната група од редот на информатичарите изготвен е извештај, кој заедно со известување од Судскиот буџетски совет беше доставен до Советот за ИКТ и претставуваат составен дел од овој записник.
Членот на советот на ИКТ, Катерина Мишковска постави прашање за текот на организацијата за одржување конференција,на што Претседателот кажа дека во тек се преговори со минатогодишните донатори како и со TAIEX и по заокружувањето на финансиската проекција ќе биде закажана конференција идодаде дека на одржаната средба министерот за правда информиран е и за оваа активност.Таа истотака побара информација во врска со ИПА и дали се програмирани средствата на што Претседателот кажа дека нема конкретна информација, а потоа сподели дека повторно ќе се активира проектот “Владеење на правото” со што ќе се продолжи соработката и помошта за јавните обвинителства и Советот на јавните обвинители.
Членот на советот на ИКТ, Ирена Димовска постави прашање за статусот на информатичарите, дали има некаков план за подобрување на нивната положба, на што проф. Гордана Лажетиќ потенцираше дека ова е стратешко прашање опфатено и во новата стратегија за реформа на правосудството која е во тек на изготвување.Понатаму извести дека е формирана Агенција за дигитализација од страна на Националниот совет за дигитална трансформација на општеството, за која е потребно да се утврди нејзиниот формат и да се искомуницира со ова тело за да се добијат повеќе информации за нивниот концепт за дигитална трансформација.
Претседателот Нанев им пренесе на присутните дека на наредната средба со министерот за правда ќе биде разгледано ова прашање како приоритетно за спроведување на процесот на дигитализација.
Членот на советот на ИКТ, Катерина Мишковска информираше дека во Албанија има централизирана агенција за дигитализација, која има сопствен буџет и функционира како независно тело, па би можел да се земе предвид таквиот модел.
Со оглед дека моменталната стратегија за ИКТ е до 2024 година, проф.Лажетиќ кажа дека час поскоро треба да се започне со изготвување на нова стратегија за ИКТ во која би била опфатена таа агенција.

Д. На дваесет и втората седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 28.04.2023 годинасе донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информации и извештаи:

1. **Рагзледана е информација за активностите со издавање на електронски уверенија од кривичната евиденција. Членот на советот на ИКТ** Михајло Војтикив извести дека изработката на веб сервисот за издавање на електронски уверенија од кривичната евиденција е во финална фаза. Во тек е негово тестирање, а наредната недела ќе биде поставен на комуникацискиот клиент во

Основниот кривичен суд, а потоа и на националниот портал uslugi.gov.mk,со што ќе биде овозможена негова целосна употреба.

Претседателот Нанев информираше дека од претседателот на Основниот кривичен суд Скопје даден е предлог издавањето на уверенијата од кривичната и казнената евиденција да биде исклучиво по електронски пат, за да се избегнат злоупотреби при нивното издавање.

По изминувањето на одреден период од 15-30 дена по ставањето во функција на услугата за вадење уверенија од кривичната евиденција, ќе биде одржана прес конференција на која официјално ќе биде соопштено дека уверенијата од казнената и кривичната евиденција ќе се издаваат исклучиво по електронски пат, за што ќе биде изготвено и кратко видео со цел информирање на јавноста.

2. **Подготовки на Самитот за дигитализација Охрид 2023 година.** Претседателот Нанев извести дека веќе интензивно се работи на организацијата на Самитот за дигитализација.Наведе дека сите три апликации до TAIEX кои се однесуваат на студиска посета на некоја од земјите на ЕУ, но и на доаѓање на експерти во нашата држава и за организација на настани се доставени преку Секретаријатот за европски прашања. Целиот процес на одобрување трае од два до три месеци. За текот на процесот Советот за ИКТ ќе добива информации од Секретаријатот за европски прашања.Професорката Лажетиќ извести дека во текот на вчерашниот ден бил одржан состанок со Бранко Станчев директор на АД Телеком. Телеком на минатогодишниот Самит за дигитализација беше главен спонзор во делот на обезбедувањето на техничката опрема, при што договорено е да им биде доставено барање и концепт за Самитот за дигитализација и за оваа година. Во однос на оние трошоци кои минатата година беа покриени од ОБСЕ, а се однесуваат на учеството на судии и јавни обвинители, претседателот извести дека истите и оваа година ќе бидат покриени од нивна страна. Претседателот од членовите на Советот побара максимален придонес, предлог и идеи за подобрување на Самитот.

   Членот на советот на ИКТ,Катерина Мишковска предложи на Самитот да биде направена презентација на услугите за вадење уверенија од кривичната и казнената евиденција и додаде дека воопшто услугите кои се достапни на uslugi.gov.mk имаат позитивен прием особено кај лица кои живеат надвор од Република Северна Македонија, но се јавува проблем при нивната понатамошна употреба во однос на прифаќањето на истите од страна на институциите.

   Во таа насока претседателот нпомена дека преку Министерството за правда до Владата на РСМ, МНР и до сите дипломатско-конзуларнипретставништва да биде испратено известување со кое ќе биде укажано дека докуменитите издадени по електронски пат имаат иста доказна вредност како и оние кои се издадени во печатена формаи да биде зададена насока како такви да бидат прифатени од старана на институциите и да биде овозможена нивната понатамошна употреба.

   Фатиме Фетаи предложи секој од членовите на Советот да размисли и да предложи тема за Самитот, а на наредната седница сите да бидат разгледани од членовите.

   Претседателот Нанев, по однос на ваквиот предлог кој беше прифатен од сите членови, наредната Седница на Советот за ИКТ ја закажа на 15.05.2023 година со цел да има доволно време членовите да ги разгледаат предлозите пред одржувањето на овогодинешниот Самит при крајот на месец јуни.

   Членот на советот на ИКТ Катерина Мишковска постави прашање во однос на доцнењето на исплатата на надоместокот за работата во Советот за ИКТ.

Ѓ. На дваесет и трета седница на Советот за координирање на информатичко - комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 15.05.2023 година се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информасции и извештаи:

1. **Разгледана е информацијата за соработка со УНОПС.** Претседателот Нанев ги информираше присутните дека сите барања на Советот за ИКТ се доставени до УНОПС и во тек се активности во насока на реализација на барањата.
   Од страна на УНОПС побарано е во текот на наредните 10 дена да се одржи средба со членовите на Советот за ИКТ, на која дополнително ќе бидат образложени одредени точки од барањето и ќе бидат утврдени приоритетните активности. Понатаму, извести дека од нивна страна веќе се водат преговори со Европската комисија со цел обезбедување на финансиски средства од ИПА фондовите.

2. **Разгледување на информација за потребата од дигитализација на база на податоци за странци во МВР за потребите нас удовите.** Членот на советот на ИКТ, проф.д-р Лажетиќ по одржан состанок со УНХЦР ги извести членовите на Советот дека од нивна страна укажано е на настанат проблем во врска со евиденцијата на странците.Имено, наведе дека голем број на странски лица се протерани иако постапката по барањето за азил не им е завршена, поради неможноста да се провери дали истите се баратели на азил. Ваквиот проблем би се надминал со креирање на веб сервис, со кој би се поврзал регистарот на странци со евиденцијата на барателите на азил.

   **Заклучок:** Советот за ИКТ со допис да се обрати до МВР, со кој ќе побара информација дали постојат електронски бази на податоци за странски лица и за баратели на азил, а доколку такви базине постојат да биде укажано за потребата од нивно дигитализирање. Доколку пак вакви електронски бази постојат, да се укаже на потребата за креирање на веб сервис, преку кој ќе биде овозможена размената на податоците и информациите од овие две бази.

3. **Разгледување на информација за активностите во врска со Фемида лиценците за судовите.** На почетокот на оваа година до Судскиот буџетски совет беше испратено барање финанските средства во износ од 15000 000 денари предвидени за ИКТ да бидат искористени за набавка на Фемида лиценци за судовите. Со оглед на тоа дека Судскиот буџетски совет до денес сѐ уште нема доставено одговор по однос на барањето, претседателот Нанев предложи: да биде доставен официјален допис од Советот за ИКТ до Судскиот буџетски совет, со кој ќе биде побарана информација до каде се активностите во врска со ова барање.Наведе дека Судскиот буџетски совет со информатичарите од Апелационите судови и од судовите со проширена надлежност одржа неколку состаноци и средби на кои споделени се информации и податоци околу реалните потреби на судовите. Судскиот буџетски совет по одржувањето на овие состаноци зеде обврска да донесе конечна одлука и да се произнесе.
   Членот на советот за ИКТ Весна Бојаџиевска наведе дека од причина што во Основниот граѓански суд во текот на изминатите години не е направена промена на компјутерите кои користат XP оперативен систем, сега се јавува потреба од набавка на нови 326 компјутери. По однос на тоа до каде е постапката за набавка на новите компјутери и набавката на фемида системот, Врховниот суд нема добиено информации од Судскиот буџетски совет.Извештајот од последниот состанок одржан со информатичарите е доставен до Судскиот буџетски совет и до

Врховниот суд, но дали Судскиот буџетски совет одржал седница на која е разговарано за одобрување на средства нема информација. Во таа насока претседателот Нанев потенцираше дека од судовите побарана е информација до каде е постапката за набавка на фемида системот и зошто до сега не е завршен овој процес.

Поради горенаведеното, Советот за ИКТ го донесе следниот заклучок: до Судскиот буџетски совет да биде испратено официјално барање информација до каде се активностите за набавка на фемида лиценците и барање процесот да се забрза со цел да се овозможи набавка на лиценците.

4. **Разгледување на информација за издавање на електронски уверенија од кривичната евиденција.** Претседателот Нанев изрази огромно незадоволство бидејќи се уште не е реализирана оваа активност и му даде збор на Михајло Војтикив кој е задолжен за спроведување на процесот.Членот на совето на ИКТ Михајло Војтикив извести дека од претседателот на Основниот кривичен суд Скопје добиена е информација дека до судот се пристигнати забелешки од граѓани на кои повеќе странските амбасади не им ги признаваат електронските потврди поради тоа што во нив не е наведен архивски број и име и презиме на претседателот на судот кој ја издал истата.Поради тоа претседателот на Основниот кривичен суд бара измена на електронските потврди со додавање на горенаведените податоци. Како забелешка на ваквото барање претседателот Нанев го наведе постоењето на QR во кој се содржани сите информации поради што не би требало да има проблем со издадените потврди во оваа форма во која што се издаваат сега. За доработка на потврдите од казнена евиденција, повторно Основниот кривичен суд треба да испрати барање за согласност до Врховниот суд кој треба да се обрати до ЕДУСОФТ за да може да се направат наведените промени. Потврдите од кривичната евиденција ќе следат по доработувањето на потврдите од казнената евиденција. Воедно, претседателот на Основниот кривичен суд информирал дека се чека согласност од Судскиот совет за користење на податоците од сите судови за вадење на потврдите од кривична евиденција. Во однос на тоа, членот на советот на ИКТ Миљазим Мустафа ги извести присутните дека до Судскиот совет не е пристигнато такво барање. Члнеот на советот на ИКТ Михајло Војтикив напомена дека од технички аспект услугата за вадење потврди од кривичната евиденција е завршена, останува само одобрување за кое потребно е Основниот кривичен суд да се обрати до Врховниот суд кој понатаму ќе ја достави таа согласност до ЕДУСОФТ за да може да ја пушти во функција услугата.

   По однос на оваа точка беше донесен заклучок: да се достави писмен допис допретседателот на Основниот кривичен суд со кој ќе биде побарано да ги појасни сите негови барања и да даде појаснување околу тоа што всушност е побарано од Судскиот совет, понатаму да биде дадена негова согласност за конечно овој процес да се заврши, од причина што предолго трае.

   На предлог на членовите на Советот претседателот донесе заклучок да се одржи седница на која ќе биде поканет претседателот на Основниот кривичен суд за детално да биде дадено образложение од негова страна кои се причините за кочење на овој процес и изнаоѓање решение за нивно конечно надминување.

5. **Информација за Глобален Самит за дигитализација Охрид 2023 година – предлог активности.**Претседателот Нанев во однос на оваа точка, ги запозна членовите со последните активности преземени за одржување на Самитот, при што напомена дека истиот ќе се одржи во првата половина на месец јули во хотел Инекс - Олгица Охрид.Понатаму наведе дека од страна на ЗПВЕП Бојан Маричиќ побрано е оваа година покровител на Самитот да биде Владата на Република

Северна Македонија, а свое обраќање да има премиерот на Владата Димитар Ковачевски, учество да земат ЗПВЕП Бојан Маричиќ, ЗПВЗПДВ Славица Грковска, министерот за правда Кренар Лога, министерот за информатичко општество и администрација Азир Алиу, министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски и министерот за финансии Фатмир Бесими.Поканети ќе бидат министрите за правда од регионот и Амбасадата на САД од која се очекува финансиска поддршка за покривање на трошоците на странските учесници, претседателите на сите судови, Судскиот совет, Јавното обвинителство, Вишите јавни обвиннители, Советоѕ на јавните обвинители, ФИЛИ институтот и ИТ компании кои беа поканети минатата година. Изготвен е прелиминарен список со гости и предлог-агенда кои ќе бидат споделени со членовите на советот.Се очекува поддршка од Телеком и од ОБСЕ исто како и минатата година, а во таа насока Ана Новакова Жикова претставник на ОБСЕ, наведе дека во овогодинешниот проект на Мисијата на ОБСЕ, што се однесува до одржувањето на Самитот предвидени се средства за покривање на трошоците за сместување на околу 60 судии и обвинители.

Од амбасадата на САД добиена е информација дека Основниот суд Тетово и Основниот кривичен суд Скопје немаат доставено податоци по однос на барањето за користење на Фемида системите за аудио видео снимање на главните расправи.
Недоставувањето на податоците е пречка за понатамошно продолжување на активностите од амбасадата на САД.
Информациите се бараат детално во формулар кој им е доставен, но податоците кои ги доставил Основниот кривичен суд се нецелосни и од доставената бројка не може да се утврди како податок на што точно се однесува таа.

**Заклучок:** На седницата на која ќе биде поканет претседателот на Оновниот кривичен суд да биде разгледана и оваа точка, и да биде побарано Основниот кривичен суд да достави целосни податоци за февруари, март и април 2023 година.

Е. На дваесет и четвртата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 21.06.2023 година се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информасции и извештаи:

1. **Разгледување на информацијата од СБС за обезбедување на финансиски средства за фемида системот.** По однос на доставените барања за обезбедување финансиски средства за набавка на фемида системот, од страна на Судскиот буџетски совет донесена е одлука за обезбедување на финансиски средства за набавка на 46 фемида лиценци за аудио снимање и 8 лиценци за аудио-визуелно снимање.
   Спроведена ќе биде групна јавна набавка, која ќе биде реализирана од страна на Судскиот буџетски совет.Донесена е одлука целосно да бидат заменети сите компјутери кои користат XP оперативен систем.
   Во однос на барањето да биде изготвена мобилна апликација e-delivery, од дел од членовите на судскиот буџетски совет побарано е дополнително време и појаснување.
   Претседателот Нанев истакна дека на членовите на Судскиот совет дадено им е појаснување дека од Буџетот на РСМ се обезбедени26 527 000, 00 денари наменски средства за дигитализација на судството, вклучително и за оваа

апликација, а нејзиното изготвување е предвидено и во новата Стратегијата за реформа на правосудниот систем.

Понатаму, обезбедени се средства за системот за заштита од вируси, претплатата за годишниот софтвер, како и средства за креирање на веб сервисите за имплементирање на барањата произлезени од Истанбулската конвенција за заштита на жените од насилство и креирање на дополнителни веб сервиси за издавање на различни уверенија, утврдени од Владата на РСМ.

Членот на советот на ИКТ, Весна Бојаџиевска извести дека од Судскиот совет добиена е неофицијална информација дека постапката за набавка на фемида системите ќе биде спроведена од страна на Апелациониот суд Битола, додека постапката за набавката на нови компјутери ќе ја спроведе Основниот граѓански суд Скопје.

2. **Разгледување на информација за активностите со издавање на електронски уверенија од кривичната евиденција, казнената евиденција и Апостилите – со предлог за произнесување за предлог измените во форматот.** Претседателот Нанев истакна дека не постојат пречки за дополнување на уверенијата од казнена евиденција со архивски број и податоци за претседателот на судот и, го задолжи Михајло Војтикив веднаш да стапи во контакт со МИОА и Основниот кривичен суд за дополнување на уверенијата.

   Во текот на наредната недела да биде завршен техничкиот дел.

   Со оглед на тоа дека уверенијата не беа прифаќани од одредени институции, конзуларни претставништва и амбасади, претседателот предложи да биде изготвена информација до Владата на РСМ, од Советот за ИКТ заедно со Министерството за правда и кабинетот на ЗПВ Грковска со која ќе биде побарано од сите државни органи и институции да ги признваат ваквите уверенија, а воедно преку МНР да бидат известени и сите конзуларни претставништва и амбасади.

   Членот на советот на ИКТ, Михајло Војтикив истакна дека од МИОА има целосна поддршка за реализација на измените, додека од Nextsence во однос на проширувањето на обрасците потребно е да дадат одговор на барањето за внесување на референтниот број и дали е можно да се изврши истото на начин на кој е предложено.

   Поради тоа што се јавува потреба од измена на постоечкиот веб сервис за двете услуги, потребно е до Едусофт од Советот за ИКТ да биде испратендопис за ваквата измена, за што се сложија сите присутни членови на седницата.

3. **Разгледување на информација од Мисијатана ОБСЕ за мониторинг на судските постапки во опремените судници.** Од Мисијата на ОБСЕ инивната програмска активност која што е дел од овогодишниот проект во Одделот човекова димензија-Отсек за владеење на правото, во рамките на процесот за дигитализација на судството преку кој комплетно беа опремени 5-те судници, пристигнат е допис со кој го известуваат Советот за ИКТ дека во соработка со коалицијата-“Сите за правично судење“ спроведена е активност за набљудување на судењата во судниците.

   Податоците добиени од набљудуваните рочишта беа обработени во “Анализа за спектарот на примена на ИКТ опремата во пилот судовите“, изработена од професор Бобан Мисоски, во декември 2022 година.

   Во текот на оваа година од страна на Мисијата на ОБСЕ се планира да биде продолжен мониторингот на судските постапки во судниците и на есен да биде презентирана анализата.

4. **Разгледување на информација од ОТА за процесот на дигитализација на ПИМ мерките.** До Советот за ИКТ од ОТА добиено е известување со барање за

продолжување на имплементацијата на процесот на дигитализација во правосудните органи, односно на процесот на издавање електронски судски наредби за спроведување на ПИМ мерки-следење и снимање на телефонските и други електронски комункации. Претседателот донесе заклучок да биде испратен допис до ОТА со кој ќе бидат известени за  моменталните услови и можноста за поставување на работните станици, мрежната и комуникациска опрема.

5. **Прелог барање до судовите за предлози за унапредување на АКМИС системот.**

   Со цел добивање на целосна слика за потребите на судовите поединечно, претседателот Нанев предложи до сите 34 судови да биде доставено барање со цел претседателите на судовите да достават до Советот за ИКТ податоци и информации со  предлози за унапредување на АКМИС системот, врз основа на се она што е утврдено од нивна страна како недостаток или потреба за понатамошно унапредување на системот.

   Претседателот Нанев истакна проблем во делот на доставување на доказите за извршена уплата на паричната казна, односно на трошоците на постапката, претседателот предложи да биде изработена платформа на страните на судовите каде ќе може да се врши уплата.

   Оваа иницијатива да биде во иднина разгледана и реализирана по принципот на кој се врши уплатата кај јавните претпријатија.

## *2.Активности*

Во извештајниот  период  членовите на советот на ИКТ интензивно продолжија со активностите за оспособување на **интероперабилноста и размената на податоците помеѓу судовите и државните органи** и институции преку воведување на однапред дефинирани стандарди за безбедност, заштита, формат и структура на податоците, а со цел воспоставување на непречен проток на информации и обезбедување на јавни услуги прилагодени на потребите на граѓаните и бизнисите.

Во извештајниот период особено се превземени активности за забразување на процесот и  превземање на активности во насока да се стави во функција и **услугата за електронско издавање на уверенија од кривичната евиденција за физички и правни лица**.

Исто така, интензивирани се и унапредени активностите за надградба на формата на уверенија од казнената евиденција со потребата за евидентирање на архивски број, името на судот и иметот на претседателот на судот.

Оваа надградување се јавуи како потреба и укажување  од судовите, и неможноста на издавање на апостил во случај кога уверенијата се извадени електронски, а  поради немање на аривски прој, име на судот и име на претседателот на судот.

Поради тоа, масимално се интензивирани активностите и членовите на советот на ИКТ се во постојана секојдневна комуникација со МИО, Основниот кривичен суд како контакт точка и ЕДУСОФ со цел да се подготви форматота потоа истиот и да се тестира пред неговото официјално пуштање во употреба.

Во завршна фаза е целиот процес и по успешното тестирање ќе следи официјализирање на процесот и услугата.

Исто така и во овој период се продолжи со активности на процесот на **дигитализација и издавање на електронски судски наредби за спроведување посебни истражни мерки – следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации**, во соработка со Оперативно техничката агенција.

Од страна на советот за ИКТ подготвена е техничка спецификација за набавка на фемида систтемот како обврска од активностите за дигитализација.

## 2.2.Соработка со други тела и произнесување

Како резултат на големата проактивност на членовите на Советот и зголемената видливост, во извештајниот период беа добиени повеќе барања за мислења по закони и разни предлози за соработка од страна на повеќе институции, по кои редовно се дискутираше и заземаше став.

- Остварена е средба со кабинетот на заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, во насока на унапредување на активностите и размена на информации за процесите за дигитализација и дигитална трансформација на правосудството.
- ИКТ Советот соработуваше со службите во Министерството за правда за воведување на нови решенија за автоматско собирање на податоци во АКМИС- от.
- Разгледани се предлог насоките за подготовка на предлози на закони заради дигитализација, при што до сите државни органи и институции ќе бидат доставени до секоја работна група насоки со цел да бидат разгледани и инкорпорирани соодветно во секој закон посебно, согласно потребите и видот на материјата која се регулира.
- Исто така Советото за ИКТ соработуваже и со ДЗС во однос на ажурирањето на податоците во обрасците на ДЗС а кои се однесуваат на Законот за правда на децата, со напомена дека истовремено ќе биде изготвен посебен образец за деца жртви.